# Извадок на дел од дневни настани 25.09.2022

На 25.09.2022, во временскиот период од 00.00 до 04.00 часот, полициски службеници од сите сектори за внатрешни работи, во соработка со инспектори од државните инспекторати и од Управата за јавни приходи на територијата на целата држава, спроведоа акциска контрола за присуство на малолетници во угостителски објекти, контрола за точење и продавање алкохол на малолетници, откривање и злоупотреба на престој од страна на странски државјани и други прекршоци, во која беа контролирани вкупно 279 угостителски објекти. При контролите се констатирани шест прекршоци за присуство на малолетници во угостителски објекти по дозволеното време, две кривични дела „точење алкохолни пијалаци на малолетници“ казниви по чл. 204 од Кривичниот законик, девет прекршоци од Законот за регистрирање на готовински плаќања и три прекршоци од Законот за лична карта. По целосно документирање на случаите против сторителите ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 24.09.2022 во полициска станица при СВР Битола е повикан на службен разговор Ј.Н.(27) од с.Мусинци, битолско, затоа што во 17.40 часот на раскрсницата на ул.„Наум Наумовски Борче" со ул.„Прилепска", од страна на полициски службеници од СВР Битола кај него бил пронајден пиштол, рамка за пиштол и 13 куршуми. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.09.2022 околу 23.45 часот, на наплатната станица Тетово-Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода: М.А.(60), А.А.(49), А.Б.(23), Ј.И.(51) и Г.Ј.(65), сите од Гостивар, затоа што при нивен и преглед на возилото „фолксваген пасат", со гостиварски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена кафеава прашкаста материја. Петте лица се приведени и задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот по што ќе следува поднесок.

На 24.09.2022 во 23.00 часот во близина на река Бабуна во Велес, од полициски службеници од СВР Велес лишени се од слобода Ж.Ј.(22) од Скопје и М.Ц.(30) од Куманово, затоа што кај нив е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.09.2022 во 20.40 часот во тетовска Мала Речица, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 25-годишниот А.Р. од ова село, кај кого бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот на А.Р. ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 24.09.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 165 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 52 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 27 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон, осум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), осум мерки за некористење сигурносен појас...

На 24.09.202 во 17.00 часот во Полициска станица Карпош, В.А.(40) од Скопје пријавил дека во близина на основно училиште на ул.„Франц Прешерн“ во Скопје, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Полициски службеници на СВР Тетово во текот на изминатата вечер (24/25.09.2022), во периодот од 22.00 до 04.00 часот на поширокото полошко подрачје, спроведоа акциска контрола на возачи - дали и колку од нив ги управуваат возилата под дејство на алкохол. При контролата откриени и вкупно санкционирани биле 36 возачи (ТЕ-24 и ГВ-12), кои управувале возило под дејство на алкохол, од кои кај 1(ТЕ) биле измерени 2,89 промили алкохол во крвта. Сите возачи-прекршители веднаш се исклучени од сообраќај, времено им се одземени возачките дозволи и изготвени им се соодветни поднесоци. Во акциската контрола соодветно се санкционирани и 18 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-13 и ГВ-5).

На 24.09.2022 околу 10.30 часот на ул.„ЈНА“, во близина на маркет во Тетово, патничко возило „рено“, со тетовски регистарски ознаки, управувано од И.Т.(58) од с.Шипковица, тетовско, удрило во пешакот Б.Г.(63) од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Б.Г., констатирани во Клинички центар Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

Во текот на изминатата вечер (24/25.09.2022), во периодот од 22.00 до 04.00 часот, на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирани и законски санкционирани се 10 возачи. За време на контролата биле санкционирани и 18 останати прекршоци.

На 25.09.2022 во 00.05 часот во Полициската станица Драчево, Љ.Т.(44) од Скопје пријавил дека во парк на ул.„Иван Хаџиниколов“ во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Н.(27) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 09.02.2022, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Во текот на вчерашниот ден (24.09.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 275 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 153 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 122 надвор од населено место.

Во текот на изминатата вечер (24/25.09.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 150 возачи. Од нив 36 на територија на СВР Тетово, 20 на територија на СВР Скопје... При контролата санкционирани се и 130 останати прекршоци.

На 24.09.2022 во 13.45 часот, К.М.(19) од Кичево, во надлежната полициска станица пријави дека на улицата „15 Ноември“ во Кичево, бил каснат од куче скитник.

На 25.09.2022 околу 05.15 часот во Полициска станица Крива Паланка е пријавено дека пред маркет во Крива Паланкабил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.А.(33) и Д.С.(24), двајцата од Крива Паланка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.09.2022 во 11.30 часот во Полициска станица Македонски Брод е пријавено дека на место викано „Вртлушка“, атар на с.Брезница, Македонски Брод, настанал пожар во викенд куќа сопственост на А.П. од Скопје, од кој бил зафатен и покривот од соседната викенд куќа. Пожарот е изгаснат, повредени лица нема, а увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

СВР Куманово поднесе кривични пријави против Ј.Т.(53) и Ж.Ј.(37), двајцата од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „вршење јавен превоз без поседување лиценца“. На 17.09.2022, во близина на граничен премин Табановце, пријавените со патнички возила „форд транзит“ и „мерцедес спринтер“ биле затекнати од полициски службеници како вршат јавен превоз без регистрирана дејност и лиценца издадена од надлежен орган.

На 23.09.2022 во 21.47 часот во Полициска станица Аеродром, Л.Т.(18) и И.Б.(19), двајцата од Скопје, пријавиле дека во 21.40 часот на автобуска постојка на подрачјето на Аеродром биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24/25.09.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 17 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид—05, Струга-06, Кичево-06). Тие се веднаш исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 23.09.2022 во 10.30 часот во Полициска станица Чаир е пријавено дека на 22.09.2022 околу 13.15 часот во куќа сопственост на Х.О.(43) од Скопје настанал пожар кај електричното броило, од кој бил зафатен и ентериер во ходникот. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје, повредени лица нема, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 24.09.2022 во 19.30 часот во Полициска станица Велес, О.С.(56) од Велес пријавил дека околу 19.00 часот, додека бил на своето работно место во филтерна станица Велес, бил физички нападнат од неговиот колега Т.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2022 во 18.40 часот во Полициска станица Тетово, А.А.(48) од Тетово пријавил дека во Тетово неговата малолетна ќерка била физички нападната од малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.09.2022 во 00.15 часот во Полициска станица Прилеп е пријавено дека во Градската општа болница Прилеп бил донесен повреден А.К.(38) од Прилеп. Според пријавеното, на 24.09.2022 околу 21.30 на бензинска станица во Прилеп, по претходно недоразбирање околу паркинг место, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу него и уште едно лице, кое било во паркирано патничко возило „опел корса“. Во координација со Јавен обвинител, се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2022 во 19.30 часот во Полициска станица Карпош е пријавено дека од Јавна установа за згрижување на деца се оддалечил нивниот штитеник Р.Ѓ.(16) од Делчево, кој и претходно се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.09.2022 во СВР Битола Д.Ш.(29) од с.Ивањевци, Општина Могила, пријавил дека на 24.09.2022 околу 23.30 часот пред угостителски објект во селото, по претходна расправија, Д.Т. со пушка испукал во воздух. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 25.09.2022 околу 03.50 часот во Полициска станица Делчево било пријавено дека во Делчево на ул.„Македонска“, настанал пожар на патничко возило „мерцедес“, со делчевски регистарски ознаки, сопственост на Д.Н.(37), кој изјавил дека забележал две лица. Полициски службеници излегле на местото, пожарот бил изгаснат од противпожарната единица Делчево, извршен е увид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2022 во 20.00 часот во Полициска станица Драчево И.Т.(44) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека околу 16.30 часот пред аптека на подрачје на Драчево едно лице, кое било во патничко возило „мерцедес“, му се заканило со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.09.2022 во 00.40 часот во Полициска станица Драчево, А.К.(42) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека околу 00.10 часот на бул.„Кочо Рацин“ во Скопје додека стоел на раскрсница со своето патничко возило „фолксваген голф“, со скопски регистарски ознаки, во кое како сопатник била С.К., совозач од запрено возило „голф 5“, кого го познавал од порано, излегол од возилото и се обидел да ја нападне С.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2022 е пријавено дека околу 04.00 часот кон излог на продавница за гуми на подрачјето на Карпош, сопственост на М.Ф.(48) од Скопје, била исфрлена запалива течност, од која бил предизвикан пожар. Повредени лица нема, пожарот бил изгаснат, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 24.09.2022 околу 14,00 часот во Полициска станица Ѓорче Петров е пријавено дека од аптека на подрачје на Ѓорче Петров едно лице со закана кон вработената одзело каса со пари, која подоцна од полициски службеници била пронајдена во близина. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет